ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-81/10

Дата: 04.10.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основниот суд Охрид (во понатамошниот текст Основен суд) на депозитната сметка (696) за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2015 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2010 година и искажано е неповолно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Издаден е извештај од извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година.

Со извршената ревизија ги констатиравме следните состојби:

- Основниот суд нема отворено посебни сметки за уплата на средствата по основ на гаранции како што е утврдено во член 150 од Законот за кривичната постапка. Исто така не е отворена девизна сметка во НБРМ согласно член 26 и 26-а од Законот за девизно работење за средствата примени во странска валута, средствата по основ на гаранции се чуваат во благајната на судот,

- постои неусогласеност во искажувањето на расходите во Билансот на приходи и расходи со искажувањето на расходите на трезорската сметка на РМ,
- податоците за претходната година во финансиските извештаи не се пополнети, што има за ефект намалување на квалитетот на искажаните податоци и неспоредливост помеѓу тековната и претходната година,
- не е извршен попис согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, што ќе овозможи да се утврди правниот основ на примените депозити, старосната структура и нивниот статус.

Во поглавјето останати прашања ги обелоденивме следните состојби:

- во благајната на Основниот суд се чуваат и вредни предмети (злато, валути, часовници и др.) кои се одземени во судски постапки и пред 40 години и за кои се уште не се преземени активности за преземање од страна на Агенцијата за управување со одземен имот,
- најголем износ од примените судски депозити се однесува на примените средства од Министерството за транспорт и врски што претставува обезбеден надомест за експроприрано земјиште за изградба на Туристичката развојна зона во с.Љубаништа–Охрид, што претставува 83% од вкупниот износ на примени депозити.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за надминување на истите.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 10 и 11 заедно со ревизија на усогласеност на депозитната сметка (696) на Основниот суд Охрид, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2015 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2010 година и искажано е неповолно мислење за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на Основниот суд Охрид застапувано од:

- Милчо Клишески, претседател на Основен суд Охрид од 08.03.2012 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.05.2015 до 15.07.2015 година од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година –спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година број 15-154/13 од 22.12.2011 година за Основен суд Охрид.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Основниот суд Охрид – предмет на ревизија.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-81/6 од 25.08.2016 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Основниот суд средствата добиени во готови пари по основ на гаранција, во најголем дел во странски валути, проценети на ден 31.12.2015 година во денарска противредност во износ од 9.913 илјади денари, се чуваат во благајната на судот и за истите се изработува Дневник на неготовински депозити. Со извршената ревизија на приложената документација констатиравме дека Основниот суд нема отворено посебни сметки за уплата на средствата по основ на гаранции денарски и девизни, наменска сметка - 697 предвидена во Упатството за трезорско работење, како што упатува член 150 од Законот за кривичната постапка, во кој е регулирано дека гаранцијата во готови пари треба да се уплаќа на посебна сметка на судот. Исто така не е отворена девизна сметка во Народна Банка на Република Македонија, согласно член 26 и 26-а од Законот за девизно работење за средствата примени во странска валута.
Горенаведените состојби укажуваат дека не е обезбедена целосна евиденција, транспарентност, контрола и безбедност на паричните средства добиени по основ на гаранции.

**Препорака:**
Одговорното лице на Основниот суд да преземе активности со кои ќе се отворат посебни денарски и девизни сметки за уплата на средствата по основ на гаранции.

### 4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. На депозитната сметка на Основниот суд се евидентираат приливите по основ на судски депозити како неданочни. При враќањето на средствата на судските депозити, при исплата на трошоците за вештачење и останатите судски трошоци, освен за Персоналниот данок на доход, а согласно Упатството за трезорско работење, се користи образец за плаќање (Образец 73) кој има намена за враќање на повеќе или на погрешно уплатени средства, при што исплатите не претставуваат расход на трезорската сметка на РМ. На сметките отворени во трезорот на РМ на кои се чуваат судски депозити (696) иако согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници се изработуваат финансиски извештаи врз основа на паричното начело на парично искажување, трансакциите со кои се врши прилив и исплата не се дел од расходите и приходите на Буџетот на РМ односно за нив не се проектира буџет.

Со извршената ревизија на депозитната сметка на основниот суд во Охрид со состојба на 31.12.2015 во Билансот на приходи и расходи констатиравме дека по основ на исплати на средства од депозитната сметка во 2015 година искажани се расходи во вкупен износ од 4.783 илјади денари, иако расходната реализацијата во Трезорот на РМ изнесува 52 илјади денари и е само по основ на Персонален данок на доход.

Истакнуваме дека насоките за начинот на евидентирање на трансакциите Основниот суд ги добива од Судскиот буџетски совет.

Горенаведеното укажува дека постои неусогласеност во проценувањето на приходите и расходите во трезорската сметка на РМ со искажувањето на приходите и расходите во Билансот на приходи и расходи на основниот суд, како и нереално и необјективно прикажување на расходите и приходите, кои не припаѓаат на Основниот суд.

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд во соработка со Судскиот буџетски совет да преземе активности со кои ќе се овозможи соодветно евидентирање на враќањето на средствата по основ на судски депозити и плаќањата на судските трошоци согласно начинот на евидентирање во трезорската сметка на РМ односно со намалување на приходите, како и соодветно проектирање на приходите и расходите на буџетот на основниот суд.

4.2.2. Со извршената ревизија констатиравме дека колоната за претходната 2014 година во финансиските извештаи не е пополнета што не е во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект намалување квалитетот на искажаните податоци и неспоредливост на искажаните податоци помеѓу тековната и претходната година.

**Препорака:**
Одговорното лице на судот да преземе активности за целосно пополнување на финансиските извештаи односно на колоните за претходна година.

4.2.3. Со состојба на 30.06.2015 година и со 31.12.2015 година извршен е надзор над материјално-финансиското работење и тоа: на состојбата на гаранциите што се водат во благајната, на состојбата на одземените предмети и на состојбата на депозитите што се водат на депозитната сметка, од страна на комисија формирана од Претседателот на судот, најмалку двапати годишно, како што пропишува член 368 од Судскиот деловник. Сметководствената аналитичка спецификација/евиденција на примените депозити е прилог кон Извештаите од извршениот надзор. Со извршената ревизија констатиравме дека не е направен попис како што пропишува член 31-в од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници со цел да се утврди правниот основ на депозитите, старосната структура, статусот на судските депозити (завршен/незавршен), евентуално враќање на судскиот депозит, или уплата на средствата во Буџетот на РМ доколку се утврди дека постојат депозити постари од 10 години од денот на нивното предавање како што е пропишува член 359 од Судскиот деловник. Исто така ревизијата истакнува дека согласно член 360 и 361 од Судскиот деловник, судот треба да води сметководство на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети, што подразбира водење на дневник и картици од привремени и редовни депозити по број на предмет, што во Основниот суд не е воспоставено.
Не извршениот попис и не воспоставената евиденција на примените средства по основ на судските депозити по предмети создаваат услови од нереално и необјективно искажување на нивната состојба во Билансот на состојба на ден 31 декември.

**Препораки:**
Одговорното лице да преземе мерки и активности:

- за воспоставување на сметководствена евиденција на депозитите на начин што обезбедува увид во состојбата и движењето на средствата на секој депозит по одделни предмети и
- извршување на целосен попис на судските депозити со цел утврдување на старосна структура, статусот на предметите и предлагање на мерки и активности за постапување.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1. и 4.2. е:

- средствата по основ на гаранции кои се чуваат во благајната на судот не се уплаќаат на посебни денарски и девизни сметки,

- неусогласеност во искажувањето на расходите во Билансот на приходи и расходи со сметката во Трезорот на РМ ,
- нецелосна пополнетост на колоната-претходна година во финансиските извештаи,
- не извршен попис на примените судски депозити.

5. **Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на депозитната сметка на Основниот суд Охрид на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основниот суд Охрид, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. **Останати прашања**

6.1. Ревизијата има обврска да обелодени дека во благајната на Основниот суд се чуваат вредни предмети (злато, валути, часовници и др.) кои се одземени и пред повеќе години, а има и такви кои се одземени пред 40 години. Со извештаите од извршениот надзор над материјално–финансиското работење за 2015 година утврдена е состојбата на одземените предмети и е констатирано е дека истите се обезбедени и се чуваат во судот. Агенцијата за управување со одземен имот како надлежна институција за управување со одземените предмети во 2013 и 2014 година со допис се има обратено до Основните судови во РМ за доставување на списоци на одземените предмети и за кој Основниот суд има доставено табеларни прегледи на состојбата на одземените предмети, но се уште не се преземени активности за нивно преземање. Ревизијата препорачува Основните судови во РМ и Агенцијата за управување со одземен имот со одземените вредни предмети да преземат конкретни активности за кои е истечен рокот за нивно враќање и со истите да се постапи согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

6.2. Без да се влијае на искажаното мислење ревизијата има обврска да обелодени дека најголем износ од примените судски депозити се однесува на примените средства во вкупен износ од 89.949 илјади денари по отворен судски предмет од Министерството за транспорт и врски што претставува 83% од вкупниот износ на примени депозити. Основниот суд има донесено решение за прием на депозит како обезбеден надоместок за експроприрано земјиште за изградба на Туристичката развојна зона во с. Љубаништа–Охрид до завршување на судскиот спор.

**Основен суд Охрид**
**Депозитна сметка (696)**
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 **година**

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | 2015 | 2014 |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 22.263 | 33.342 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 91.188 | 33.342 |
| **Вкупно приходи** | | 113.451 | 66.684 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Субвенции и трансфери | 3.1.3. | 4.783 | 33.342 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4.783** | **33.342** |
| **Вкупно расходи** | | **4.783** | **33.342** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | 108.668 | 33.342 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | 108.668 | 33.342 |

**Основен суд Охрид**
**Депозитна сметка (696)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 108.668 | 91.188 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2. | 108.668 | 91.188 |
| **Вкупно тековни средства** | | **217.336** | **182.376** |
| **Вкупна актива** | | **217.336** | **182.376** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.1. | 108.668 | 91.188 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 108.668 | 91.188 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **217.336** | **182.376** |
| **Вкупна пасива** | | **217.336** | **182.376** |